Александар Кржаловски и Симона Огненовска од МЦМС учествуваа на **студиската посета** „Граѓанските организации од Западен Балкан за глобален развој“ што ја организираа Хоризонт3000 од Австрија и Понтис фондација од Словачка од 2 до 5 мај 2017 година во Виена, Австрија и Братислава, Словачка за 15 претставници на граѓански организации кои се дел од истоимениот регионален проект .



Студиската посета обезбеди **идеи за политиките** кон кои треба да се стреми Македонија кога ќе ја усогласува **развојната агенда на национално ниво** со онаа на ЕУ. Учесници имаа средби во различни државни институции каде се запознаа со практиките на финансирањето за развојна соработка. Исто така, се сретнаа и со платформи на граѓански организации кои работат на ова прашање.

Во Австрија, беа организирани средби со Хоризонт3000, Австриската фондација за развојни истражувања ( ОЕФСЕ ) и Австриска развојна агенција која одвојува 14 милиони евра годишно за развојна соработка во повеќе приоритетни региони . Канцеларијата за координација на Австрискиот Бишоп и Австриска платформа за развојна соработка – Глобална одговорност работат на прашањето на развојната соработка. Според Платформата, **најголемиот предизвик е обезбедување на посветеност на организациите членки** , што бара интензивна комуникација и координација. Исто така, учесниците се сретнаа и

со
Судвинд
, организација која работи на подигнување на свеста и образование на Австирското општество за развојна соработка.



Во Словачка, се одржаа средби со Словачката агенција за развојна соработка (СловакАид), како и со Министерството за надворешни работи. Во 2003 година, Министерството, во отсуство на капацитет и експертиза ја пренело дистрибуцијата на пари на УНДП, а по притисок од организациите, во 2007 е основана агенцијата за развојна соработка (СловакАид) која сега е фокусирана на Кенија, Молдавија и Авганистан. Искуството на граѓанското општество беше согледано преку Словачката платформа за невладини развојни организации. Во градењето на капацитетите значајна поддршка имале од Канадската агенција (CIDA). Во Словачка секако предизвикот е зголемување на средствата за развојна соработка кои се се уште далеку од достигнување на потребниот минимум од 0.7% од БДП, особено во **отсуство на поддршка од јавноста**
. Ова е и еден од најголемите предизвици со кои се соочила платформата да ги убеди институциите дека
**средствата за образование за глобален развој**
, не се наменети за други земји, туку тие средства
**се наменети за градење образование и свесност во земјата**
.

Студиската посета беше дел од регионалниот проект „Подготовка за развојна помош", кој МЦМС го спроведува на национално ниво. Регионален координатор на проектот е Хоризонт3000 и БЦСДН, а партнери од ЕУ земји се СЛОГА од Словенија, Понтис фондацијата од Словачка и КРОСОЛ од Хрватска и Конкорд. Покрај МЦМС, на национално ниво активностите ги спроведуваат: Граѓански иницијативи и Граѓански парламент од Србија, ЦРНВО од Црна Гора, ИДМ од Албанија. Проектот е финансиран од Австриска агенција за развој и членките на Хоризонт3000.